**20101052039**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 9 став 1 б), член 54 став 1 точка 5 и 7 и член 56 став 1 точка 14 Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009 и 50/2010“), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 21.07.2010 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИТЕ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО - КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА - АМБУЛАНТСКИ**

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски („Службен весник на Република Македонија“ број 44/2010, 58/2010 и 92/2010), во членот 2 кај општите пакети на здравствени услуги се додаваат следните пакети на завршени епизоди на лекување:

| **Шифра** | **Назив на пакетот** | **Референтна цена** |
|---|---|---|
| **АСК13** | **Прв животно-згрижувачки пакет** | **1.100** |
| **АСК14** | **Проширен животно-згрижувачки пакет** | **1.850** |
| **АСК15** | **Проширен специјалистички пакет со контрола и повеќекратна апликација на медикаментозна терапија над пет (5) пати** | **1.500** |

Кај здравствените услуги од интерната медицина се додаваат следните пакети на завршени епизоди на лекување:

| **Шифра** | **Назив на здравствена услуга** | **Референтна цена** |
|---|---|---|
| **АИМ29** | **Биопсија на коскена срцевина** | **5.500** |
| **АИМ30** | **Пункција на стернум** | **3.300** |
| **АИМ31** | **Гасни анализи** | **550** |

Кај пакетот АИМ17 - „Бронхоскопија“, во колоната 3, бројот „780“ се заменува со бројот „2.500“.

Кај пакетот АИМ20 - „Гастроскопија“, во колоната 3, бројот „820“ се заменува со бројот „3.500“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02 - 10434/6
21 јули 2010 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Елена Трпковска,** с.р.